*Организација на Комитет за следење на ИПАРД*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
Тело за управување со ИПАРД

# ИЗВЕШТАЈ

## за напредок во спроведување на Планот на активности за видливост и комуникација за ИПАРД 2014-2020

(Согласно член 30, став 3 од Секторскиот договор)
*( Март 2016– Декември 2017)*

Декември 2017

*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр. 2, 1000 Скопје; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

# I. ВОВЕД

Од Планот на активности за видливост и комуникација за ИПАРД 2014-2020 во периодот на 2016 и 2017 година беа реализирани следните активности:

1. Ажурирање на интернет страната www.ipard.gov.mk ;
2. ИПАРД инфо денови
3. Обуки, работилници и семинари;
4. Појавувања на национални и локални радио и телевизии како дневни весници и интернет портали
5. Публикување на летоци, брошури и друг информативен материјал;

Институции кои имаа одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

# II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### *1. Ажурирање на интернет страната www.ipard.gov.mk*

Веб страницата на Секторот ИПАРД http://www.ipard.gov.mk која е целосно функционална од јули 2016 година бележи голем пораст на посети и ако во првите месеци просечниот број на посети беше до 2000 година, во јануари 2017 година се регистрирани повеќе од 9000 посетители. Од јули 2016 до периодот на известување има вкупно 519.455 посетители на страницата.

### *2. ИПАРД инфо денови*

Телото за управување со ИПАРД во период од јануари до ноември 2016 ја промовираше мерката “Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства” од ИПАРД Програмата 2014-2020 и ги информираше земјоделците за можностите кои ги нуди Гарантниот фонд преку вкупно 32 информативни денови во 46 населени места. Инфо деновите беа организирани во соработка со АПРЗ, АФПЗРР, подрачните одделенија од МЗШВ, федерација на фармери, општините и комерцијалните банки. Овие настани беа организирани во периодот март-мај 2016 година.

Во периодот декември 2016- јануари 2017 година, Секторот ИПАРД организираше регионални инфо настани во помош од центрите на осумтте плански региони во Република Македонија. Настани беа одржани во

Струмица, Штип, Прилеп, Битола и Скопје со фокус на мерките : „Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи и „Диверзификација на фармите и развој на бизниси" Настаните беа многу посетени и покриени од страна на локалните ТВ и радио медиуми. Инфо настан беше организиран и во соработка со Стопанската комора на Република Македонија со фокус на месната и млечната индустрија. За сите информативни настани концептот беше ист:

· Презентација на мерки од страна на Секторот ИПАРД/ Тело за управувзање со ИПАРД

· Презентација на потребната документација која е потраебна за аплицирање од страна на АФПЗРР

· Презентација на успешен ИПАРД од страна на корисник (ова се покажа како многу успешно затоа што корисниците искажуваа позитивни искуства и ги поттикнуваат пристусутните да аплицираат за ИПАРД средства)

Во тек на месец март 2017 година, претставници од ТУ заедно со претставници од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството посетија околу 16 општини во 21 населено место. Инфо настантани ги опфаќаа мерките "Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства", „Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи" и "Диверзификација на фармите и развој на бизниси, како и презентирање на Гарантниот фонд и поволностите кои ги нуди.

### *3. Обуки, работилници и семинари*

ТУ во организација со АФПРЗЗ организираше еднодневна настан со приватните консултанти со фокус на мерките: „Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи" и „Диверзификација на фармите и развој на бизниси". Настанот беше поделен во два дела: презентација од АФПЗРР за потребните документи за аплицирање и презентација од АФПЗРР за потребните документи за барањето исплата.

ТУ и АФПРЗЗ во мај 2017 година одржаа практични обуки/работилници со советниците од АПРЗ во врска со објавениот јавен повик број 01/2017 со акцен на мерка 1 и мерка 7 од ИПАРД 2014-2020 Програмата.На работилниците беа присутни поголем број Советници од АПРЗРР од различни региони

### *4. Појавувања на национални и локални радио и телевизии ,дневни весници и интернет портали*

Во периодот на изверстување се регистрирани стотина објави на тема ИПАРД во електронските и печатени медиуми од одговорните лица од МЗШВ и АФПЗРР и од кои поголемиот дел од интервјуата беа со министерот за земјоделство,

шумарство и водостопанство, овие изјави  беа пренесувани на сите националните телевизии: (МТВ, Сител, Алфа и Канал 5, Телма 24Вести, Нова ТВ ), регионалните телевизии, електронските и печатени медиуми (Дневник, Утрински весник,Вечер,Денешен ,Капитал и др  ) и интернет порталите: Македонската Информативна Агенција – МИА, Курир , Телеграф, Агроалтернатива и др.

### *5. Публикување на летоци, брошури и друг информативен материјал*

Секторот за управување со ИПАРД  во соработка со USAID и Мрежата за рурален развој на Република Македонија се изработени нови брошури ( 4000 илјади )  за мерките Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства и Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Брошурите беа дистрибуриани преку подрачните единици на МЗШВ, АПРЗ, општините и доставени директно по електронски пат до сите регистрирани занаетчии во РМ.

**Прилог 1.**

Табела 1. Инфо настани реализирани во 2016 година

| **Општина** | **Населено место** | **Датум** |
|---|---|---|
| Битола | Бистрица<br>Кравари | 01.03.2016 |
| Новаци | Листојац<br>Лопатица | 10.03.2016 |
| Градско | Виничани<br>Ногаевци | 03.03.2016 |
| Чашка | Извор | 11.03.2016 |
| Штип | Три чешми<br>Криви Дол | 16.03.2016 |
| Струмица | Дабиље<br>Добрејци | 22.03.2016 |
| Струмица | Градско Балдовци | 29.03.2016 |
| Берово<br>Пехчево | Митрашинци<br>Панчарево | 28.03.2016 |
| Берово | Берово | 30.03.2016 |
| Берово<br>Пехчево | Смоимирово<br>Умлена | 31.03.2016 |
| Куманово | Романовце<br>Ново Село | 30.03.2016 |
| Тетово | Фалише<br>Сараќино | 10.03.2016 |
| Брвеница | Теново<br>Стенче<br>Волковија | 14.03.2016 |
| Брвеница | Долно Седларце<br>Блаце | 21.03.2016 |
| Кичево | М.Долненци<br>Србјани | 22.03.2016 |
| Ресен | Царев Двор<br>Горно Дупени | 04.04.2016 |
| Ресен | Крани<br>Арвати | 14.04.2016 |

| | | |
|---|---|---|
| Неготино | Војшанци | 03.03.2016 |
| Валандово | Горна мала<br>Калково | 19.04.2016 |
| Ранковце | Опила<br>Одрено | 27.04.2016 |
| Петровец | ЦРЕШЕВО | 14.04.2016 |
| Охрид | Рача<br>Орман | 09.05.2016 |
| Струга | Лабуништа<br>Октиси | 21.04.2016 |
| Струга | Мароишта | 28.04.2016 |
| Валандово | Градец | 11.05.2016 |
| Скопје | Црешево | 24.03.2016 |
| Скопје | Скопје,МЗШВ | 21.12.2016 |
| Струмица | Струмица | 21.12.2016 |
| Скопје | Стопанска комора | 23.12.2016 |

**Табела 2. Инфо настани реализирани во 2017 година**

| Град/Населено место | Датум | Организација |
|---|---|---|
| **Охрид**<br><br>**Струга** | 16.03.2017 | Општина Охрид (ЛЕР)<br>Општина Струга<br>АПРЗ<br>Подрачна МЗШВ |
| **Крушево**<br><br>**Демир Хисар** | 17.03.2017 | Општина Ресен<br>Општина Демирхисар<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |
| **Тетово**<br><br>**Боговиње** | 20.03.2017 | Полошки плански регион<br>АПРЗ<br>Општина Тетово (ЛЕР)<br>Општина Боговиње |
| **С.Нагоричане**<br><br>**Куманово** | 21.03.2017 | Општина с Нагоричани<br>Општина Куманово<br>Североисточен плански регион<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |
| **Љуботен** | 22.03.2017 | Општина Бутел<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |
| **Валандово**<br>**Нов Дојран** | 23.03.2017 | Југоисточен регион<br>Општина Дојран<br>Општина Валандово<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |
| **Кавадарци**<br>**Велес** | 24.03.2017 | Вардарски регион<br>Општина Кавадарци<br>Општина Велес<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |

| | | |
|---|---|---|
| **Дебар**<br>**Центар Жупа** | 27.03.2017 | Југозападен регион<br>Општина Дебар<br>Општина Центар Жупа<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |
| **Крива Паланка**<br>**Кратово** | 28.03.2017 | Североисточен регион<br>Општина  Крива Паланка<br>Општина  Кратово<br>АПРЗ<br>МЗШВ Подрачна |